**20171042020**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 12 став 10 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ РЕГИСТАР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Решението за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар.

Член 2

Решението за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-3337/10
27 јули 2017 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

ПРИЛОГ

Врз основа на член 12 став 7 од Законот за занаетчиство, решавајќи по барањето бр. _________ од ___________ година на лицето _______________________ од ________________, ул. _____________ бр. _____, Занаетчиската комора со седиште во _____________ донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар**

СЕ ОДБИВА барањето за упис во Занаетчискиот регистар на лицето ________________од ________________, ул. ________________________ бр. _____, со ЕМБГ_________________, поради приложен доказ кој не е издаден од надлежна институција, односно ______________________ ____________________________________________________________________________________ _______.

О б р а з л о ж е н и е

Лицето ___________________ од _________________, ул. _____________________________ бр.______, поднесе барање до Занаетчиската комора - ______________, за упис во Занаетчискиот регистар опишана во диспозитивот на ова решение и кон барањето не ги приложи сите потребни докази согласно член 12 став 4 од Законот за занаетчиство.

Врз основа на изнесеното Занаетчиската комора - _____________, решавајќи по барањето бр._____________ од _____________ година утврди дека не се исполнети условите за упис на дејноста во Занаетчискиот регистар и врз основа на член 12 став 7 од Законот за занаетчиство се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на неговиот прием до Министерството за економија.

ДОСТАВЕНО ДО:
-подносителот на барањето-занаетчијата
-Управа за јавни приходи
-Фонд за ПИО
-Фонд за здравствено осигурување
-Агенцијата за вработување
-Централен регистар и
-Архивата на комората

м.п.

Одговорно лице,
________________